**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Клаузула за проширување на осигурителното покритие за време на полнење или празнење на банкомати

КЛ-крг-банко
12-1-мк

[1] Осигурителното покритие важи за парите за време на полнење или празнење на банкоматот, согласно минимални барања на заштита, кои се договорени во полисата за осигурување.

[2] Осигурителното покритие според оваа клаузула започнува во моментот кога лицето ја зема касетата со пари од превозното средство во кое се пренесуваат парите од банкоматот, како и времето на отварање на банкоматот и полнење на касетата во банкомат и завршува во моментот кога банкоматот е затворен. При празнење на банкоматот покритието започнува со преземање на касетата од банкоматот и негово затворање, како и за време на пренос на касетата од банкоматот до превозното средство и престанува во моментот кога касетата со пари се затвора во превозното средство.

[3] Осигурителното покритие според оваа клаузула може да се склучи само како облик на проширување на осигурителните покритија според Посебните услови за осигурување на пари за време на превоз.